И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Јакимовска
именуван за подрачјето на
Основните Судови
Гостивар и Кичево
ул. Никола Тесла бр. 1
тел. 042 221-510

Образец бр.66

И.бр.2682/25

Извршителот Весна Јакимовска од Гостивар врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Еуростандард Банка АД Скопје-во стечај, засновано на извршната исправа ОДУ.260/11,ОДУ.398/11,ОДУ.948/15,ОДУ.1846/19 од 11.8.2011 на Нотар Тасим Саити, против должникот Теута-Рам ДОО и зал.долж Азизи Дурије,АзизиЕљеса,Теута Ахмети и Махмуди Исни, Ахмет Ахмеди, за спроведување на извршување во вредност 20.317.074,00 ден., на ден 22.07.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: СТ (на л.м. ДП) на КП бр. 4632 дел 0, Младен Груески вл.1 кат ПР бр. 2 површина 51 м2 запишана во ИЛ 101156 за КО Гостивар 2 сопственост на Ахмет Ахмеди од Гостивар.

Продажбата ќе се одржи на ден 10.08.2026 година во 9,00_часот во просториите на извршител Весна Јакимовска на ул. Никола Тесла бр. 1 Гостивар_.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Весна Јакимовска, изнесува 2.171.462,00_денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености хипотека_. Должникот кој како сопственик домува во продадената недвижност стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200001513764435 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5007007126851.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од _10_дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Јакимовска

Д.-на: Општина Гостивар

Еуростандард банка во стечај

Ахмет Ахмеди

Архива на извршител

**Правна поука**: Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Гостивар во рок од три дена од денот на приемот на заклучокот, согласно одредбите од член 86 од Законот за извршување.